„О, Божји пратенику, пропаднаа имотите и патиштата се прекинаа, па моли Го Аллах да ни испрати дожд.“

Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: Еден човек влезе во џамијата во петок, од вратата што беше спроти куќата на судството, а Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, стоеше и држеше хутба. Човекот се сврте кон Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, стоејќи, и рече: „О, Божји пратенику, пропаднаа имотите и патиштата се прекинаа, па моли Го Аллах да ни испрати дожд.“ Тогаш Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ги крена рацете и рече: „О, Аллах, испрати ни дожд! О, Аллах, испрати ни дожд! О, Аллах, испрати ни дожд!“ Енес рече: „Се колнам во Аллах, не видовме на небото ниту облак ниту малечко парче облак, и меѓу нас и планината Салʿ немаше ни куќа ни живеалиште. Тогаш се појави зад неа облак како штит; кога стигна на средината на небото се рашири, па заврна дожд. Се колнам во Аллах, не го видовме сонцето шест дена. Потоа, еден човек влезе од истата врата во петок, додека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, стоеше и држеше хутба, и му рече стоејќи: „О, Божји пратенику, пропаднаа имотите и патиштата се прекинаа, па моли Го Аллах да го запре дождот од нас.“ Тогаш Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ги крена рацете и рече: „О, Аллах, околу нас, а не врз нас. О, Аллах, по ридовите и високите предели, низ долините и местата каде растат дрвјата.“ Па веднаш престана дождот, и излеговме одејќи под сонцето. Шерик рече: „Го прашав Енес бин Малик: ‚Дали тоа беше истиот човек од првиот пат?’ Тој рече: Не знам.‘“

[متفق عليه] [صحيح]

Еден бедуин влезе во џамијата на Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, во петок, од западната врата на џамијата, спроти куќата на Омер бин ел-Хатаб, Аллах нека е задоволен со него, додека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, стоеше и држеше хутба. Човекот се сврте кон Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, и рече: „О, Божји пратенику, пропаднаа стоките и патиштата се прекинаа поради умирањето на животните кои ги пренесуваат луѓето или нивната слабост од глад. Па моли Го Аллах да ни испрати дожд.“ Тогаш тој, салаллаху алејхи ве селем, ги крена рацете и рече: „О, Аллах, испрати ни дожд! О, Аллах, испрати ни дожд! О, Аллах, испрати ни дожд!“ Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, рече: „Се колнам во Аллах, не видовме на небото ниту облак, а меѓу нас и планината Салʿ, западно од џамијата, од каде што доаѓаат облаците, немаше ни куќа ни живеалиште што ќе ни го прекрие видикот.“ Енес, Аллах нека е задоволен со него, рече: „Тогаш зад неа се појави облак кружен како штит. Кога стигна на средината на небото над Медина, се рашири и заврна дожд. Се колнам во Аллах, не го видовме сонцето поради дождот сè до

наредниот петок, кога истиот човек влезе од истата врата, а тој, салаллаху алејхи ве селем, стоеше и држеше хутба. Човекот се сврте кон него стоејќи и рече: ‚О, Божји пратенику, пропаднаа имотите и патиштата се прекинаа, па моли Го Аллах да го запре дождот од нас.‘“ Тогаш тој, салаллаху алејхи ве селем, ги крена рацете и рече: „О, Аллах, насочи го дождот околу нас, а не врз нас. О, Аллах, на високите предели од земјата како ридовите и малите планини, во долините и местата каде што растат дрвјата.“ Енес рече: „Дождот престана да паѓа, па излеговме одејќи под сонцето.“

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3174